Република Северна Македонија
Општинска јавна установа за деца
-Детска градинка "ДИМЧЕ МИРЧЕВ"- Велес
Бр. 04-821/1
08.10. 2026 год.
Велес

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници (Службен весник на РМ 27/2014; 199/2014; 48/2015; 154/2015; 5/2016; 80/2016; 127/2016; 142/2016; 2/2017; 16/2017; 11/2018; 275/2019; 14/2020; 215/2021; 99/2022; 208/2024; 210/2024), и врз основа на Предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас 576/2026, со број 10-1772/11 од 22.09.2026 година, и наш број 04-577/1 од 08.07.2026 година, директорот на ОЈУДГ „Димче Мирчев" – Велес, на ден 08.10.2026 година донесе

О Д Л У К А

за избор на кандидат по јавен оглас за вработување на административен службеник во ОЈУДГ „Димче Мирчев" – Велес

1.За извршител на работно место **ВИШ РЕФЕРЕНТ АРХИВАР**, помошно-стручни административни службеници во административен оддел, административно помошно-техничка служба, со шифра на работно место **ДЕЗ 01 02 Г02 009**, се избира кандидатот:

САЊА НЕДЕЛКОВСКА, со идентификациски код ICCEBF2.

2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место на неопределено време по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се склучи посебен Договор за вработување.

3. Одлуката се доставува до избраниот кандидат, се објавува на интернет страницата на Установата и се прикачува на огласна табла во Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија.

О б р а з л о ж е н и е

По барање на ОЈУДГ „Димче Мирчев" – Велес, Агенцијата за администрација објави Јавен оглас бр.576/2026 на својата веб страна, како и во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Коха" на ден 19.08.2026 година, за вработување на административен службеник – 1 (еден) извршител во ОЈУДГ „Димче Мирчев" – Велес на работно место Виш Референт Архивар, помошно-стручни административни службеници во административен оддел, административно помошно-техничка служба, со шифра на работно место ДЕЗ 01 02 Г02 009.

Со Решение за формирање на Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас, со арх.бр.10-1772/5 од 31.08.2026 година од Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија и Решение за изменување и дополнување на Решението за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас, со арх.бр.10-1772/6 од 03.09.2026 година, формирана е Комисија која ги спроведе сите фази од постапката за вработување на административниот службеник.

Комисијата за селекција: спроведе административна селекција со Записник од извршената административна селекција за административен службеник со арх.бр.10-1772/7 од 03.09.2026 година, спроведе испит за административен службеник со Записник од спроведен испит за административен службеник, со арх.бр.10-1772/9 од 21.09.2026 година и споведе проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник, со Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник, со арх.бр.10-1772/10 од 22.09.2026 година.

Врз основа на сите фази од селекцијата, Комисијата за селекција донесе конечна Ранг листа на кандидати од сите фази на селекцијата и Предлог кандидати за вработување по јавен оглас бр.576/2026, со арх.бр.10-1772/11 од 22.09.2026 година и наш арх.бр.04-577/1 од 08.07.2026 година, кои ги достави до ОЈУДГ „Димче Мирчев“ – Велес на ден 05.10.2026 година.

Врз основа на член 45, став 1 од Законот за административни службеници и врз основа на Конечната ранг листа и Предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас 576/2026, се изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

Правна поука: Против оваа Одлука за избор на кандидат по јавен оглас за вработување на административен службеник во ОЈУДГ „Димче Мирчев“ – Велес, може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страната и огласната табла на Агенцијата за администрација.

Доставено до:
-Агенција за администрација
-Архива
-Кандидатот

ОЈУДГ „Димче Мирчев“-Велес
Директор
Наташа Јанушева